UNITED NATIONS

INTERNATIONAL CRIMINAL TRIBUNAL FOR THE FORMER YUGOSLAVIA

CHURCHILLPLEIN 1, P.O. BOX 13888
2501 EW THE HAGUE, THE NETHERLANDS
TELEPHONE: +31 70 416 5326
FAX: +31 70 416 5307

NATIONS UNIES

TRIBUNAL PÉNAL INTERNATIONAL POUR L'EX-YOUGOSLAVIE

CHURCHILLPLEIN 1, B.P. 13888
2501 EW LA HAYE, PAYS-BAS
TELEPHONE: +31 70 416 5326
FAX: +31 70 416 5307

**Предмет IT-04-82-A**
***Обвинителот против Јохан Тарчуловски***

**РЕШЕНИЕ**
**ЈАВНО**

**ЗАМЕНИК СЕКРЕТАРОТ НА СУДОТ,**

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Статутот на Меѓународниот суд, усвоен од Советот за безбедност со резолуцијата 827 (од 1993 година), а особено членот 21 од истиот;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Правилникот за постапка и докази усвоен од Меѓународниот суд на 11. февруари 1994 година, со дополнителните измени (понатаму во текстот: Правилникот) , а особено правилото 44 од истиот;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** Професионалниот кодекс на бранителите кои се појавуваат пред Меѓународниот суд (понатаму во текстот: "Кодекс на однесување");

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека г-динот Јохан ТАРЧУЛОВСКИ (понатаму во текстот: Обвинетиот) беше префрлен во седиштето на судот на 16. март 2005 и неговото прво појавување пред судот се оддржи на 21. март 2005;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинетиот одлучи сам да се застапува на првото појавување;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека на 29. март 2005, Обвинетиот достави извештај за имотна состојба согласно со член 8 од Упатството за доделување бранител по службена должност усвоено од Меѓународниот суд на 28. јули 1994, со дополнителните измени (понатаму во текстот: Упатство), како и барање за назначување на г-динот Антонио Апостолски, правник од Скопје, Македонија, како негов бранител согласно со правилото 45 од Правилникот а врз основа на тоа дека нема доволно средства да ги плати услугите на бранителот;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 30. март 2005, согласно со член 11(Б) од Упатството, Заменик секретарот на Судот го назначи г-динот Антонио Апостолски како бранител на Обвинетиот за временски период од 120 дена, а подоцна и како постојан бранител на Обвинетиот;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 1. октомври 2008 Обвинетиот го извести Секретаријатот дека го повлекува своето барање за доделување на бранител платен од Меѓународниот суд;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 6. октомври 2008, Обвинетиот достави полномошо за г-дата Алан М. Дершовиц, Натан З. Дершовиц, Антонио Апостолски и Јордан Апостолски со кое ги овластува г-дата Алан М. Дершовитз, Натан З. Дершовитз, Антонио Апостолски и Јордан Апостолски да го застапуваат пред Меѓународниот суд во предметот IT-04-82-A како приватно назначени бранители;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека на 10. октомври 2008 Секретарот ги назначи г-дата Алан М. Дершовиц, Натан З. Дершовиц и Антонио Апостолски како бранители на Обвинетиот согласно со правилото 44(А) од Правилникот додека прашањето дали г-динот Јордан Апостолски ги исполнува потребните квалификации за да биде назначен според правилото 44 од Правилникот сеуште се разгледуваше;

**ИМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД** дека Секретарот оценува дека г-динот Јордан Апостолски ги исполнува потребните квалификации за да биде назначен според правилото 44 од Правилникот;

**СО ОГЛЕД НА** должностите на г-динот Јордан Апостолски согласно со Статутот, Правилникот, особено правилото 44(В), и Кодексот на однесување;

**ДОНЕСУВА ОДЛУКА** да го назначи г-динот Јордан Апостолски како бранител на Обвинетиот согласно со правилото 44(А) од Правилникот. Одлуката стапува во сила од датумот на ова решение.

Џон Хокинг
Заменик Секретар
/своерачен потпис/
/печат на Меѓународниот суд/

На ден, 31. октомври 2008 година
Во Хаг,
Холандија